25008

ČLAN MEĐUNARODNE ORGANIZACIJE — FIBEP
pres-kliping • press-clipping
(Osnovano 1952. godine)
JUGOSLOVENSKA NOVINSKA
AGENCIJA DOKUMENTACIJE
NOVINSKO IZDAVAČKO PREDUZEĆE
PRESS PUBLISHING ENTERPRISE
Beograd — Knez Mihajlova 2/IX — Pošt. fah — P. O. Box 95,
Tel. 621-578 — žiro račun — Current Account: 60801-603-15330

Isečak iz lista
Newspaper cutting НОВА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ

11. III. 1979, 11541, 10



Миодраг Ѓорѓевиќ: Луминокинет к796, 1979

## ИЗЛОЖБИ

# Синтеза на светлините и движењата во просторот

**• Кон самостојната изложба на лумино-кинети на Миодраг Ѓорѓевиќ во Музејот за современа уметност во Скопје**

БЕЗ НАМЕРА да ја констатираме неодржливоста на вообичаената поделба на ликовна и применета уметност и да поставиме некои условени моменти на нивната релативност преку семантички знак и нивната синтеза; можеме да го издвоиме делото, односно, дејноста на Миодраг Ѓорѓевиќ како нормално движење барање на својот творечки идентитет. Сосема е разбирливо дека Ѓорѓевиќ на својот развоен пат, тргна од основната улога на регистратор, со реалистички одраз на природниот објект, со перманентна намера техничкото изразно средство и содржинската објективност да ги подреди на својата креативна цел. Оваа цел е потврдена со низа тематски циклуси и пак со новата намера да се ослободи од нагласената техничка прецизност и индивидуална способност; (мануелната виртуозност во: ликарството) од окто, односно первиртуозност во сликарството) од око, односно перцепцијата во уметничката фотографија или технич-

ИАКО ИМАШЕ ОБИДИ најновиот условно речено циклус — лумино—кинетите — на Миодраг Ѓорѓевиќ да се прогласи за апсолутно нов и автентичен израз во светот на уметноста, со сигурност можеме да кажеме или да откриеме дека уметникот главно на излегува од општиот контекст и од целите на модерната уметност на XX век. Во прилог на ова тврдење, без намера за давање дефиниција, можеме да наведеме дека светлоста и движењето се основен предуслов за создавање пластично-пиктуралната слика, односно на светло-темното проткајување во создавањето на пораката и значењето во ликовниот феномен од својот прапочеток па до денес, односно утре.

Во овие општи напори не смееме да го исклучиме големиот придонес на Ѓорѓевиќ во своевидниот експеримент (особено кај нас) и во давањето на лично толкување на лумино-движењето во просторот и во неодредено време.

АКО ГО РАСЧЛЕНИМЕ — лумино-кинетот — на илузионистичка претстава и пластично трансформирање на светлосната вредност, т.е. композицијата, мораме да ги прифатиме светлоста и движењето како ново средство и елемент во системот на оптичкото, просторно обликување. Повикувајќи се на богатата традиција во сликањето на светлоста како битен елемент на сликата кој останува и влијае во директната комуникација со посматрачот, овде, во овој случај посматрачот срекава по посреден пат автентичен извор на светлоста како отисок или брз лумино-потег во судирот на светло — темното. Уште е мошне важно дека во овој процес или момент на „снимањето" уметникот не е свесен за содржинско-формалната и пластичната конечност на делото што во системот на барањето и материјализацијата на идејата би можело да се замени со изразот „случај". Сигурно е дека овие случајни филмувани секвенци подлежат на творечката селекција на авторот во кои тој сега сосема свесно ја избира и ја подредува „играта на случајот" на својот ликовен концепт.

Суштинската одлика на (ликовната) транспозиција на мотивите и техничката постапка на Горгевиќ значи би била во брзото поместување на одреден светлосен симбол или знак во неодредена релација- апстракција и асоцијативност на неговото знаковно минато, т.е. реалноста. Вториот фактор — движењето, е изразен со светлосен потег кој е евидентен и мерлив во својот замав, т.е. во траењето. Ако го прифатиме и во овој случај терминот — „Слика", без оглед на различноста на средствата и материјалот, овде треба да се истакне дека тоа е сликарство на визуелни, пластични, помалку емотивни и разбирливи сензации, а не на идеја и на некоја премногу нагласена хумана порака.

ИМАГИНАРНАТА СМИСЛА на предметот и знакот во континуитетот со просторот ја загуби својата знаковна одреденост која пулсира со новата структура на фотоните во нова визуелна целина. Радикалната измена на светлосно-просторниот корелат доведува и до егзистенцијална реакција и до интересен судир: лумино—освојувач со недефиниран простор. Затоа неговата сила, односно светлосниот идентитет се во постојана зависност од орзината и траењето на неговиот оптички регистратор (фото објективот). Траењето на движењето го условува и неговото поголемо или помало препознавање со основниот светлосен знак, односно со реалниот симбол кој во секој случај е појдовна точка на овој лумино-кинетички процес во сликарската конечност, односно во ликовната целина.

Поврзувајќи го оразованието на Горѓевиќ (медицина) со неговиот ликовен израз, Викторија Васев Димеска (автор на предговорот за каталогот) наоѓа изведна органска релација и поврзаност со искуствата од областа на рентгенскиот филм и „био светот", што би можело да се прифати само како почетна идејна ориентација и смисла.

Меѓутоа, на прашањето каде е вистинската ориентација на Горѓевик можат да се дадат само претпоставки кои можат да бидат овоземски, а исто така и мистично космичко движења на лумино делата и објектите во бескрајноста на просторот.

Техниката на Ѓорѓевиќ или неговото техничко-изразно средство е апсолутно фотографско без оглед на крајниот исход или впечаток што го остава изложеното дело, конципирано и опремено како слика но платно, значки како слика. Од сето ова можеме да резимираме дека техничко-креативната постапка на Ѓорѓевиќ е фотографска, а целта, пред сѐ, ликовна со сите пластично — пиктурални одредби и вредности што ги бараме во ликовниот феномен.

Богдан МУСОВИК